ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0505 / 428
01.09 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 29 став 7 од Стаутот на Институтот на Сметководители и овластени сметководители, Претседателот на институтот го дава следниот Извештај за работење за временски период од 01.05.2023 година до 31.07.2023година

**Тримесечен Извештај за работењето на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија**

По формирање на Управниот одбор и негово функционирање, Институтот согласно заклучоците од Првата седница на УО фокус во своето работење стави на прочистување на списокот на членови, добивање реална слика за бројот на членови кои се активни и ги обавуваат своите сметководствени обврски, како би можело да се увиди состојбата со наплата на членарини, што пак ќе биде основ за изготвување на финансиски план и проекција за до крај на 2023 година и 2024 година.

Прв чекор беше донесување на Правилник за издавање уверенија и лиценци, каде се даде период од 90 дена (до 30.08.2023година) сите физички и правни лица да се усогласат, се со цел да им се излезе во пресрет и даде соодветна временска рамка за усогласување, а после тоа да се продолжи со пречистување на регистрите и постапување по насоките од донесениот Правилник и спроведување за законските обврски.

УО даде предлог на Собрание и истиот беше усвоен на седница на 20.06.2023 година, каде период од 14 месеци (01.07.2021 до 31.08.2022 година) членовите се ослободат од членарина. Финансиски колку би изнесувале, ќе се знае по ажурирање на регистрите, со оглед дека има многу неажурирани членови со свои податоци односно над 40% од активните членови.

Дополнително на предлог на УО, собранието донесе одлука за признавање на сите КПУ часови поради истечени акредитации за обавување на КПУ на Консултантските куќи за период од 01.06.2021 до 31.12.2022 година, а во насока на избегнување на дополнителни трошоци за членовите, а се однесуваат на исполнување законски обврски во делот на потребни часови за КПУ.

Строго доверливо

За временски период од формирање на УО до 30.07.2023, УО издаде Уверенија и лиценци и тоа

| | Издадени Уверенија и лиценци | | |
|---|---|---|---|
| Седница на УО | Овластен Сметководител | Сметководител | ЛИЦЕНЦИ |
| 20/04/2023 | 101 | 11 | |
| 26/05/2023 | 47 | 5 | 26 |
| 4/7/2023 | 24 | 4 | 6 |
| 25/07/2023 | 24 | 10 | 14 |

Исто така УО донесе и неколку одлуки и заклучоци во насока на подобрување на сметководствената професија, а се донесува на имплементација на нов современ софтвер кој ќе овозможи пристап на секој член преку мобилна апликација, каде ќе бидат евидентирани сите податоци и информации релевантни за секој член со што максимално би се искористиле новите можности на технологија. Новиот софтвер ќе биде усогласен и со потребните карактеристики за поврзување со интероперабилниот систем на Министерството за информатичко општество, што пак ќе овозможи размена на податоци со сите релевантни институции во реално време.

Во делот на финансиската состојба на Институтот за наведениот период, состојбата е следна

| | | |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приход од членарини | | 50,260.00 |
| Приходи од членарина - С | | 685,097.00 |
| Приходи од членарина - ОС | | 7,500.00 |
| Приходи од Барање за лиценца - ТП ОС | | 151,200.00 |
| Приходи од Барање за лиценца Друштво | | 41,000.00 |
| Приходи од членарина - ТП ОС | | 500.00 |
| Приход од членарина - ТП С | | 167,800.00 |
| Приход од членарина - Друштво | | 16,600.00 |
| Барање за уверение С | | 82,200.00 |
| Барање за уверение ОС | | 19,000.00 |
| Приходи од КПУ | | 620,625.00 |
| приходи од камати | | 35,835.00 |
| **Вкупно приходи** | - | **1,877,617.00** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| Материјални трошоци | | 25,201.00 |

| | | |
|---|---|---|
| Режиски трошоци и кирија | | 156,580.00 |
| Трошоци за одржување | | 241,953.00 |
| Интелектуални услуги | | 456,530.00 |
| Трошоци за органи на ИСОС+совет | | 1,934,117.00 |
| Набавка на канц.мебел и опрема | | 270,725.00 |
| Бруто плата | | 334,930.00 |
| | | |
| **Вкупно трошоци** | - | **3,420,036.00** |

Состојбата на сметки со кои располага ИСОС на ден 01.05.2023 е следна:

| | **01.05.2023** | **31.07.2023** |
|---|---|---|
| Прокредит банка | 33,503,453.00 | 30,172,725.00 |
| НЛБ банка | 5,468,008.00 | 6,395,906.00 |

Дел од средствата се орочени и тоа на 6 месеци и 12 месеци, а дел по видување.

УО презеде активности и ангажираше ревизорска куќа согласно одлуката на Собрание, којашто изврши комплетна ревизија на завршната сметка за 2022година. Ревизорскиот извештај ќе биде објавен на веб страната на Институтот.

Анализата која се направи на Базата со која располага Институтот изминатиот период е следна

| | | Правни лица | | | | физички лица | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **ТП Сметководител** | **ТП Овластен сметководител** | **Друштво** | | **Сметководител** | **Овластен Сметководител** |
| 2021 | Поднесени барања | **1** | **10** | **44** | | **170** | **441** |
| | одобрени | **1** | **4** | **28** | | **73** | **234** |
| | одбиени | **-** | **3** | **7** | | **21** | **22** |
| | затворени/пасивни | **-** | **-** | **2** | | **77** | **124** |
| | Упишани во регистар | | | | | **84** | **254** |
| 2022 | Поднесени барања | **2** | **16** | **82** | | **128** | **445** |
| | одобрени | **-** | **-** | **-** | | **181** | **557** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | одбиени | - | 4 | 13 | 17 | 42 |
| | затворени/пасивни | - | 1 | - | 62 | 180 |
| | Упишани во регистар | | | | - | - |
| 2023-30.07 | Поднесени барања | 2 | 12 | 67 | 48 | 221 |
| | одобрени | 4 | 25 | 142 | 54 | 250 |
| | одбиени | - | 2 | 3 | 6 | 24 |
| | затворени/пасивни | - | 1 | 1 | 28 | 132 |
| | Упишанни во регистар | | | | 109 | 489 |

Што укажува на фактор дека се работи за зајакната контрола при аплицирање од страна на стручната служба.

Дополнително состојбата во Базата на податоци, заклучно со 28/07/2023 година е следна

Регистрирани членови

| База 28.07.2023 | Активни | Активни кои ажурирале податоци | Процентуален износ на ажурирани |
|---|---|---|---|
| Овластени сметководители | 11284 | 6613 | 59% |
| Сметководители | 3212 | 932 | 29% |

Регистрирани сметководствени бироа

| Издадени лиценци | |
|---|---|
| Друштво за вршење сметководствени работи | 1622 |
| ТП Сметководител | 19 |
| ТП Овластен сметководител | 399 |

Строго доверливо

*<u>Соработка со институции со цел зајакнување на сметководствената професија и активности на Институтот</u>*

- За период од 01.05.2023 година се одржаа вкупно повеќе средби на работната група за новиот предлог закон за Трговски друштва, при што голем дел од законот за Трговски друштва во делот на сметководство и водење на сметководство ќе се пренесе на новиот Закон за сметководство, кој секој момент се очекува да излезе на ЕНЕР, истата така се одржаа и средби на работна група за законот за сметководство, каде Институтот зеде активно учество.
- Институтот согласно законските обврски и препораките на ЕК почна со превод на Сметководствените стандарди, и процесот за избор на членови на комитет е во крајна фаза во координација со Фондацијата на ИФРС во Лондон, кои ќе треба да го верифицираат преводот согласно оригиналната верзија.

Претседател
Весна Прентоска

Скопје, 25.08.2023